*Томо Томоски*

# БЕЛЕШКИ ПО ПОВОД ВОЕНИОТ ПОХОД НА АНДРОНИК III ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1330 год.

## I

Како што е познато Ј. Кантакузен известува дека византискиот император Андроник III навлегол во 1330 год. во Пелагонија и оттаму нападнал на блиската територија што тогаш била во владеење на српските феудали. Притоа царот го зазел градот Бучин (Βουτζοῦνιν), а потоа му се предале градовите: Δεύριτζαν, Δουβροῦνιν, Καβαλλάριον и Σιδηροκάστρον[1]). Се разбира дека оскудното кажување на византискиот извор не е доволно за утврдување на местоположбата на наброените градови. Поради тоа и постојат различни убикации на спомнатите места. Неодамна се зафати со рекогносцирањето и Иван Снегаров. Тој во една објавена статија, меѓу другото, по примерот на В. Златарски го идентифицира Βουτζοῦνιν со Бучин (Прилепско), а Σιδηροκάστρον со Демир Капија. Освен тоа градот Καβαλλάριον го локализира при градот Кавадарци[2]). Потоа Ив. Снегаров и градот Δεύριτζαν го бара во Тиквеш („там се намира с. Дебрища")[3]),а таму во истиот предел го убицира и градот Δουβροῦνιν („в Тиквеш се намира с. Добротино")[4]). На тој начин Ив. Снегаров само едниот град т. е. Бучин го смества таму кајшто лежи и денес локалитетот, додека останатите градови ги преместува доста неосновано и неуверливо во Тиквеш.

Несомнено, кога се работи за убицирањето на спомнатите градови, треба да се има предвид и поврзаноста на настаните предизвикани со воениот поход на Андроник III. Имено, по заземањето на градот Бучин искажале покорност и останатите градови. Во врска со тоа, и сообразувајќи се со движењето на византиската војска од Пелагонија кон Бучин, се доаѓа до заклучок дека станува збор за една нераскинлива територија што се пружала западно од градот Бучин. Впрочем, во прилог на ваквиот

---

[1]) М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова (Зборник радова С. А. Н. XLIX — Византолошки институт, књ. 4, Београд 1956, стр. 7).

[2]) Иван Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски (Известия на Института за история на Б. А. Н. кн. 10. София, 1962, стр. 219).

[3]) Според мислењето на Иван Снегаров градот Δευριτζαν не треба да се идентифицира со „с. Дебреще, на север от гр. Прилеп. . . както мислеше проф. В. Н. Златарски" бидејќи се наоѓа доста северно од линијата на градовите што ги зазел Андроник III во 1330 г. Ив. Снегаров, н. с. стр. 219.

[4]) На наведенето место

заклучок зборува и маршрутата што ја направил Г. Акрополит во 1257 г. Тој тогаш патувал низ нашите предели и од Дебар преку Охрид, Преспа и Сидерокастрон пристигнал во Прилеп[5]). И така и одовде може да се заклучи дека Сидерокастрон лежел меѓу Преспа и Прилеп. Впрочем и византиските и српските извори кај Демир Капија го бележат градот Просек[6]). Според тоа, Демир Капија и Сидерокастрон т. е. Демир Хисар имаат иста придавка само во првиот дел на името инаку тоа се различни топоними. Сидерокастрон тоа е словенскиот „градь Желѣзьньць"[7]). Денес во подножието на некогашниот град е сместено с. Железнец[8]). Според тоа отпаѓа како неуверливо тврдењето на Ив. Снегаров дека во Демир Хисар не била позната населба со име Железнец[9]). Освен тоа, таму од десната страна на реката Црна, а на локалитетот Градиште се уште се виѓаваат траги од средновековниот град. Имено, местото е покриено со урнатини од ѕидови и со преостанки од ќерамиди. Покрај тоа, на локалитетот се најдени стари пари и средновековно оружје. На крајот треба да се истакне дека градот Железнец имал згодна положба и ги контролирал патиштата што воделе кон Бучин, Битола, Кичево и Дебарца. Железнец е оддалечен околу 29 км од Бучин. Со утврдувањето на местоположбата на Бучин и Сидерокастрон донекаде се усмерува понатамошното настојување за рекогносцирање и на другите споменати градови. Своевремено К. Јиречек градот Δεύριτζαυ го идентифицирал со „Дебрец код Охрида"[10]). Туку таму не постои место со тоа име. Меѓутоа, Дебрец личи на Дебарца, име на еден предел во Охридско. Оваа област во 1329 год. секако била зафатена со воениот поход на српската војска против градот Охрид[11]). По неуспешниот обид за завладување и по повлекувањето од Охрид српските феудали веројатно останале во Дебарца. Нивното присуство во непосредната близина на Охрид ги заплашувало тамошните византиски владенија. Поради тоа, а и поради потиснувањето на српската власт од Демир Хисар, Андроник III и нападнал на онаа српска територија што како клин била втисната меѓу тогашните грчки градови Охрид и Прилеп. По паѓањето на Бучин, според кажувањето на Ј. Кантакузен, верижно се предале и спомнатите градови што секако се наоѓаале во Демир Хисар и Дебарца. Таму, во Дебарца и лежел градот Δεύριτζαν. Меѓутоа, е тешко да се утврди неговата местоположба поради постоењето и на други средновековни локалитети. По се изгледа дека градот лежел во месноста „Кула", крај р. Сатеска а во близината на с. Песочани и с. Ново Село.Локалитетот доминира во

---

[5]) В. Златарски, История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове III. София 1940, стр. 482.

[6]) και τον Προσακον стои на едно место во повелбата на Василиј II од 1019 год. (Йорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония. София 1931, стр. 551); Подоцна и во една од повелбите на Душана е забележено „оу Просѣцѣ" (Стојан Новаковиќ. Законски споменици српских држава средњега века. Београд 1912, стр. 422.

[7]) Ђ. Даничић, Животи краљева и архиепископа српских. Загреб 1866, стр. 226.

[8]) Види: Imenik mesta, II izdanje Beograd 1960. стр. 485.

[9]) Ив. Снегаров н. с., стр. 219, бел. 59.

[10]) Константин Јиречек, Историја Срба I (1952), стр. 207.

[11]) Исто, стр. 206.

пределот и притоа ги контролира патиштата кон Охрид, Дебар, Кичево и Железнец. Песочанската Кула е оддалечена околу 30 км. од Железнец.

Од досегашното кажување се гледа дека градовите Бучин и Сидерокастрон лежеле тукуречи по краиштата на Демир Хисар и тоа првиот на источниот, а вториот на северниот влез. И на јужниот пристап во Демир Хисар има еден средновековен локалитет што се наоѓа меѓу селата Лопатица и Габалавци. Имено станува збор за еден рид што се пружа од левата страна на р. Шемница. Таму веројатно се издигал некогаш средновековниот град Καβαλλάριον. Локалитетот е оддалечен околу 19 км. од Битола. Далечината Лопатица—Железнец изнесува околу 30 км.

Најнакрај останува да се убицира и градот Δουβροῦνιν. Под тоа име секако се крие локалитетот што се наоѓа во близината на манастирот св. Јован кај с. Слепче. Имено, северно од спомнатиот манастир има месност што се вика Добромирски Дол. Таму среде шума лежи црква сега во урнатини. Името на месноста (Добромир) порано во 19 век било раширено готово на сиот предел (Демир Хисар). Според В. Григоривич „Добромирско" порано се викало „Желѣзно".[11a]

## II

По битката кај Велбужд во 1330 год. византискиот цар се повлекол од нашата територија. Меѓутоа тој го оставил за натаму војводата Сиргијан во граничниот предел[12]). Освен тоа од житието на Ст. Дечански се знае дека тогаш српските феудали ги зазеле градовите Велес, Просек, Штип, Чрешче и Добрун[13]). Навистина, ваквото датирање не било исцело примено од некои научни работници. Единтсвено В. Ќоровиќ во случајов држи многу до хронологијата што ја дава биографот на именуваниот српски владетел.[14]). Неодамна и М. Диниќ се искажа во прилог на некои порано направени коректури во врска со датирањето на српското завладување на градовите Просек и Штип.[15]). Освен тоа, во истата статија, тој му забележа и на биографот на Душана што не ги дал точно годините на српското завладување на Железнец, Чемрен и на некои други градови. Според мислењето на М. Диниќ градовите Βουτζοῦνιν, Δουβροῦνιν, Καβαλλάριον, Δεύριτζαν υ Σιδηροκαστρον биле преземени во времето на Ст. Дечански и тоа по битката кај Велбужд. И не само тие градови, туку и „Чьмрѣнь . . .био је и остао свакако у српским рукама пре Душана"[16]). Меѓутоа, со оглед на местоположбата на Чермен и

---

[11a]) Мѣсто, куда отправится называлось прежде Желѣзно, теперь Добромирско или добромирска нурія Види: В. Грегорович, Очеркъ путешествія по европеиской Турции. Москва 1877, стр. 114.

[12]) К. Јиречек, н. д. стр. 207.

[13]) Ђ. Даничић, н. д., стр. 197.

[14]) Владимир Ћоровић, Историја Југославије. Београд 1933, стр. 146.

[15]) М. Динић, н. ст., стр. 8.

[16]) Исто, стр. 7.

земајќи предвид дека М. Динић ја прима годината 1334 како дата нà српското завладување на градовите Охрид и Прилеп останува се уште необјасниво навлегувањето на српските феудали во месноста што лежи околу 30 км. јужно од Прилеп. Несомнено, биографот на Душана бил поблиску од нас до информацијата по однос на настаните во Мориово и затоа е поприемливо неговото датирање. Имено, наспоредно со заземањето на Охрид и Прилеп потпаднал под српска власт и градот Чемрен.

*Tomo Tomoski*:

## AUFZEICHNUNGEN ANLÄSSLICH DES KRIEGERISCHEN FELDZUGES ANDRONIKUS III IN MAZEDONIEN IM JAHRE 1330

### *ZUSAMMENFASSUNG*

Im Jahre 1330 griff das byzantinische Heer von Pelagonien ausgehend, die Burg Bučin (am Ausgang des Flusses Crna in Pelagonien) an, und nachher drang es ins Gebiet von Demir Hisar und Debarce ein. Dabei, übergaben, nach J. Kantakuzen, die serbischen Lehensherren die Burgen: im Südosten Καβαλλαριον (allerdings ist die Rede von der Örtlichkeit, die von Bitola etwa neunzehn Kilometer entfernt ist, und liegt zwischen den Dörfern Lopatice und Gabalavce, gerade am Ausgang des Flusses Šemnica in Pelagonien), im Westen Δουβροῦνιν (wahrscheinlich rührt das jetzige Toponim Dobromirski Dol, das sich in der Nähe des Klösters Sveti Jovan bei Slepče befindet von dem Namen der einstigen Burg her), und im Nordwesten Σιδηροκάστρον (heute Gradište bei dem Dorf Železnec) und Δευριτζαν (zweifellos die Lokalität „Kula" am Fluß Sateska nah dem Dorfe Pesočani und Novoselo).